# Закон за заштита на личните податоци

**Мануела Станоевска Стоилковска**
**Виш супервизор**

# Реформски пакет

- **Општа регулатива за заштита на личните податоци** (Regulation of the European Parliament and of the Council on the protection of individuals with regard to the processing of personal data and on the free movement of such data **679/16** донесена на 04 мај 2016 (стапи на сила на 24 мај 2016 година, а дирекно ќе се применува од 25 мај 2018 година во земјите членки на ЕУ.)

* Директива (ЕУ) 2016/680 на Европскиот парламент и Советот за заштита на физичките лица во однос на обработката на личните податоци од страна на надлежните тела за цели на спречување, истрага, откривање или гонење на кривичните дела или за извршување на кривичните санкции и за слободното движење на овие податоци (Полициска директива)

* Регулатива за приватноста и електронските комуникации

Директива 95/46/ЕК за заштита на личните податоци и слободниот проток на таквите податоци на Европскиот парламент и Советот на Европската унија од 24 октомври 1995 година (заменета со GDPR)

* Конвенцијата за заштита на поединецот во однос на автоматската обработка на личните податоци – Конвенција 108 ( T-PD) на Советот на Европа од 1981
* Конвенција 108+



# Правна рамка

* Правото на заштита на личните податоци, како основно право на човекот и граѓанинот е загарантирано со Уставот на СР Македонија (Член 18) со кој се гарантира сигурноста и тајноста на личните податоци

* Закон за заштита на личните податоци 2005 година
* Закон за заштита на личните податоци 2020 година

# Поими

* Личен податок
* Контролор
* Обработувач
* Обработка
* Корисник
* Согласност
* Посебни категории на лични податоци



# Нови дефиниции (поимник)

* **Личен податок** е секоја информација која се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува (субјект на лични податоци), а физичко лице кое може да се идентификува е лице чиј идентитет може да се утврди директно или индиректно, посебно врз основа на идентификатор како што се име, матичен број на граѓанинот, **податоци за локација, мрежен идентификатор**, или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, физиолошки, генетски, ментален, економски, културен или социјален идентитет на тоа физичко лице.



# Посебни категории на лични податоци

Лични податоци кои откриваат расно или етничко потекло, политички ставови, верски или филозофски убедувања или членство во синдикални организации, како и генетски податоци, биометриски податоци, податоци што се однесуваат на здравјето или податоци за сексуалниот живот или сексуалната ориентација на физичкото лице.





**Генетски податоци** се лични податоци поврзани со генетските карактеристики на физичкото лице кои се наследени или стекнати, а кои откриваат единствена информација за неговата физиологија или здравје, која особено се добива со анализа на биолошки примерок од тоа физичко лице.

**Податоци што се однесуваат на здравјето** се лични податоци поврзани со физичкото или менталното здравје на физичкото лице, вклучувајќи и податоци за добиената здравствена заштита кои откриваат информации за неговото здравје.






* **Биометриски податоци** се лични податоци кои се добиваат преку специфична техничка обработка на физичките и физиолошките карактеристики на физичкото лице или карактеристики на неговото однесување, а преку кои се овозможува или потврдува единствената идентификација на физичкото лице.



* **Согласност** на субјектот на лични податоци е секоја слободно дадена, конкретна, информирана и недвосмислена изјавена волја на субјектот на личните податоци, преку изјава или јасно потврдено дејствие, а со кои се изразува согласност за обработка на неговите лични податоци.

* **Нарушување на безбедност на личните податоци** е секое нарушување на безбедноста, што доведува до случајно или незаконско уништување, губење, менување, неовластено откривање или пристап до личните податоци кои се пренесуваат, чуваат или на друг начин се обработуваат.



# Начела поврзани со обработката на лични податоци

- Законитост, правичност и транспарентност
- Ограничување на целите
- Минимален обем на податоци
- Точност
- Ограничување на рокот на чување
- Интегритет и доверливост
- Отчетност




PRIVACY
OFFICER

**Определување**

**Положба – статус**

**Работни задачи**



**Определување на офицер за заштита на личните податоци**

- (1) Контролорот и обработувачот се должни да определат офицер за заштита на личните податоци во секој случај кога:
(а) обработката се врши од страна на орган на државна власт, освен за судовите кога постапуваат во рамките на нивните надлежности, а кои ќе определат офицер за друга обработка на личните податоци која се врши согласно со закон;
(б) основните активности на контролорот или обработувачот се состојат од операции за обработка, кои поради својата природа, опсег и/или цели, бараат во голема мера редовно и систематско следење на субјектите на лични податоци или
(в) основните активности на контролорот или обработувачот се состојат од обемна обработка на посебни категории на лични податоци или лични податоци поврзани со казнени осуди и казнени дела од членот 14 од ЗЗЛП.



- Офицерот за заштита на личните податоци се определува врз основа на неговите **стручни квалификации**, а особено врз основа на стручни знаења за легислативата и практиките во областа на заштитата на личните податоци, како и неговата способност да ги извршува работите од ззлп

- Контролорот или обработувачот ги објавува контакт податоците за офицерот за заштита на личните податоци, како и ги соопштува на Агенцијата.



**Положба на офицерот за заштита на личните податоци**

- Контролорот и обработувачот **обезбедуваат** дека офицерот за заштита на личните податоци на соодветен начин и навремено е вклучен во сите прашања поврзани со заштитата на личните податоци.
- Контролорот и обработувачот му **помагаат** на офицерот за заштита на личните податоци при извршувањето на работите, обезбедувајќи му ресурси неопходни за извршување на тие работи, и пристап до личните податоци и операциите на обработка, како и одржување на неговото стручно знаење.
- Контролорот и обработувачот се должни да **гарантираат** дека офицерот за заштита на личните податоци нема да добива никакви упатства во однос на извршувањето на неговите работи



## Положба на офицерот за заштита на личните податоци

-Офицерот за заштита на личните податоци не може да биде сменет или казнет од контролорот или обработувачот за извршувањето на своите работи.

**- Офицерот за заштита на личните податоци директно одговара пред највисокото раководно ниво на контролорот или обработувачот.**

- Субјектите на личните податоци може да го контактираат офицерот за заштита на личните податоци за сите прашања поврзани со обработката на нивните лични податоци и за остварувањето на нивните права според ззлп.



**Положба на офицерот за заштита на личните податоци**

- Офицерот за заштита на личните податоци е должен да ја почитува **тајноста или доверливоста** во однос на извршувањето на своите работи, во согласност со закон.

- Офицерот за заштита на личните податоци може да врши и други задачи и должности. Контролорот или обработувачот обезбедува дека таквите задачи и должности **не доведуваат до судир на интереси.**



## Работи што ги врши офицерот за заштита на личните податоци

- информирање и советување на контролорот или обработувачот и вработените кои вршат обработка соодветно на нивните обврски според прописите за заштита на личните податоци, како и според другите прописи кои што се однесуваат на заштитата на личните податоци;
- следење на усогласеноста со ЗЗЛП и со други прописи кои се однесуваат на заштитата на личните податоци и со политиките на контролорот или обработувачот во однос на заштитата на личните податоци, вклучувајќи распределување на одговорности, подигнување на свеста и обучување на вработените кои што учествуваат во операциите на обработка, како и врши ревизии за заштита на личните податоци;



**Работи што ги врши офицерот за заштита на личните податоци**

- каде што е потребно, давање совети во однос на проценката на влијанието на заштитата на личните податоци и следење на извршувањето на проценката во согласност со ЗЗЛПП;

- соработување со Агенцијата;

- да дејствува како контакт точка за Агенцијата во однос на прашањата поврзани со обработката, вклучувајќи и претходна консултација, како и советување според потребите за сите други прашања.

- При извршувањето на своите работи, офицерот за заштита на личните податоци ги зема предвид ризиците поврзани со операциите на обработка, како и природата, обемот, контекстот и целите на обработката.



# Донесување на План за обуки

- Вработените мора да бидат едуцирани за нивните одговорности и обврски кои се однесуваат на доследно применување на прописите за заштита на личните податоци

- Офицерот за заштита на личните податоци има клучна улога во координирањето на организационите единици, комуникацијата помеѓу вработените нивната обука, како и проверувањето на усогласеноста на системот

- **Донесување на План за обуки**

.



## - Регистар на офицери за заштита на личните податоци

- Агенцијата води Регистар на офицери за заштита на личните податоци и истиот го објавува на својата веб страница.

- Регистарот содржи:

  - назив и седиште на контролорот, односно обработувачот;
  - име и презиме на офицерот за заштита на личните податоци;

контакт податоци за офицерот за заштита на личните податоци (електронска пошта и телефонски број);

податоци за сертификатот за обука.



# ПРАВА НА СУБЈЕКТОТ НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

1. **Транспарентност**, што подразбира: транспарентни информации, комуникација и начини на остварување на правата на субјектот на личните податоци

* Изјава за приватност (јавно достапна)



# ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Контролорот на барање на субјектот на личните податоци е должен да достави информација за преземените активности, за остварување на правата за пристап, исправка, бришење, преносливост, приговор, автоматско донесување на поединечна одлука вклучувајќи и профилирање и известување за нарушување на безбедноста на личните податоци, до субјектот на личните податоци без непотребно одложување и во секој случај во период од **еден месец** од денот на приемот на барањето. Доколку е потребно овој рок може да биде продолжен за уште два месеци земајќи ги предвид сложеноста и бројот на барањата

2. **Информации и пристап** до лични податоци, што се однесува на:

* информациите кои се доставуваат при собирање на лични податоци од субјектот на личните податоци,
* информациите кои се доставуваат кога личните податоци не се добиени од субјектот на личните податоци, и
* правото на пристап на субјектот на личните податоци



3. **Исправка и бришење,** што вклучува:

- право на исправка,
- **право на бришење („право да се биде заборавен“)**
- право на ограничување на обработката
- обврска за известување при исправка или бришење на личните податоци или ограничување на обработката и
- **право на преносливост на податоците.**



# Право на бришење („право да се биде заборавен“)

Правото на бришење („право да се биде заборавен“) му дава право на субјектот на личните податоци да побара од контролорот да ги избрише неговите лични податоци при што контролорот има обврска да ги избрише личните податоци во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето за бришење, но само доколку е исполнет еден од законски утврдените услови

## Право на преносливост на податоците

* Субјектот на личните податоци има право да ги добие неговите лични податоци, а кои тој ги има дадено на контролорот во структуриран, вообичаено користен, машински читлив формат при што има право да ги пренесе тие податоци на друг контролор без попречување од страна на контролорот на кого личните податоци се дадени, ако:

- обработката е заснована врз основа на согласност која ја дал субјектот на лични податоци за обработка на неговите лични податоци за една или повеќе конкретни цели
- обработката се врши на автоматизиран начин.

## 4. Право на приговор и автоматизирано донесување на поединечни одлуки:

* право на приговор,
* автоматско донесување на поединечни одлуки, вклучувајќи и профилирање



# УСОГЛАСУВАЊЕ

* Во функција на усогласување со начелата, вредностите и правилата за заштита на личните податоци предвидени во новиот Закон за заштита на личните податоци, контролорот ќе треба да изврши **длабинска анализа** на постојниот воспоставен систем за заштита на личните податоци во корелација со одредбите од Законот за заштита на личните податоци кои се применливи на операциите на собирање, обработка и чување на личните податоци.



* Акциски план со предвидени активности и мерки по приоритет, како и динамика за постигнување на соодветна усогласеност со одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

* Соодветни активности за подобрување, надградба и прилагодување на својот воспоставен систем за заштита на личните податоци.

* Континуирано следење и проверување на применувањето на усогласениот систем за заштита на личните податоци, како и координирање на активностите и дејствијата помеѓу вработените и раководството во функција на одржување на системот.



* Клучна улога во координирањето на вработените и раководството, комуникацијата помеѓу вработените и раководството, нивната обука, како и следењето и проверувањето на усогласеноста на системот ќе има офицерот за заштита на личните податоци според Законот за заштита на личните податоци.




AUDIT

# Прашања



# Ви благодарам на вниманието

